Врз основа на член 16, став 9, алинеја 8, член 18, ставовите 1, 2 и 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/2013 и 30/2016) и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година, Интеруниверзитетската ректорска управа во Република Северна Македонија објавува

**ПОВТОРЕН ЈАВЕН ПОВИК бр. 2/2021**

**Член 1**

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во:

➢ **Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации**

Критериуми за избор:

- завршено високо образование
- најмалку 5 години работно искуство во струката, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификациите.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV)
- изјава за конфликт на интереси.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Интеруниверзитетската ректорска управа.

Јавниот повик трае 5 дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска ректорска управа**
**на Република Северна Македонија**

**Марица Николовска**